Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДДРШКА НА ЛИКВИДНОСТА НА АД ЕСМ – СКОПЈЕ ВО УСЛОВИ НА ЕНЕРГЕТСКА КРИЗА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

Се прогласува Законот гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ – Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 18 јули 2023 година.

Бр. 08-3801/1 Претседател на Република

18 јули 2023 година Северна Македонија,

Скопје Стево Пендаровски, с.р.

Претседател

на Собранието на Република

Северна Македонија,

м-р Talat Xhaferi, с.р.

З А К О Н
ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДДРШКА НА ЛИКВИДНОСТА НА АД ЕСМ – СКОПЈЕ ВО УСЛОВИ НА ЕНЕРГЕТСКА КРИЗА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

Член 1

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ – Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во износ до 100.000.000 евра, доколку Акционерското

друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Договорот за заем од членот 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ – Скопје во услови на енергетска криза.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги намирува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е пет години, со вклучен грејс период од шест месеци.

Отплатата Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе ја врши во девет полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 10 февруари и 10 август секоја година, како што е утврдено со Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%. Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе ѝ плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот.

Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе ѝ плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија во висина од 0,5% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.